Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јануари 2022 година

Скопје, јануари 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 18 јануари 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 16:30 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата: Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска Стојчевска, министер за култура, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествува и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествува: Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Беким Сали, министер за здравство.

*

*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 134-та седница на Владата, одржана на 14 јануари 2022 година

1. Предлог-одлука за утврдување на бројот на наставните денови во учебната 2021/2022 година во основните училишта во услови на вонредни околности

2. Предлог-одлука за утврдување на бројот на наставните денови во учебната 2021/2022 година во средните училишта во услови на вонредни околности

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 134-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 јануари 2022 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на бројот на наставните денови во учебната 2021/2022 година во основните училишта во услови на вонредни околности, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на бројот на наставните денови во учебната 2021/2022 година во јавните средни училишта во услови на вонредни околности, во предложениот текст.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 4</u>**

Владата заклучи:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи да ги преземат сите потребни активности и координација во врска со сместувањето и превозот на новинарите кои ќе присуствуваат/известуваат на заедничката седница помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија, која ќе се одржи на 25 јануари 2022 година.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците (превозот и хотелското сместување) за новинарите кои ќе присуствуваат/известуваат на заедничката седница помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Бугарија за 24 и 25 јануари 2022 година.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:50 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**